**Девли Кумари**

Девли стана гласот на децата лишени од образование поради сиромаштија, експлоатација или ропство.

Три генерации од нејзиното семејство биле робови во каменолом во Хариана, Индија, живеејќи и умирајќи без да го видат надворешниот свет, сè додека таа и 112 други не биле спасени во 2004 год.

Девли има сега 11 години и живее во Јодхпур со нејзиното семејство. Таа неодамна ги претставуваше заробените деца на ручекот „Образование за сите: клас 2015", во Обединетите нации, во Њујорк. Таа предизвика молк на собирот на некои од најмоќните луѓе во светот кога им кажа како успеала да натера 15 деца од нејзиното село да го посетуваат училиштето, и ги предизвика:

„Кога можам јас, како девојче, да запишам 15 деца во училиште, не е ли возможно вие како светски лидери да ги запишете сите деца во училиште?"

Како резултат на тоа лидерите ветија ресурси со цел да се обезбеди исполнување на Развој на милениумската цел (MDG) во образованието и да се помогне да се образоваат 15 милиони деца низ целиот свет.

Јас сум Девли. Родена сум во каменолом, во Хариана. Моите родители се, исто така, родени таму. Целата наша фамилија работеше во каменоломот. Бевме чувани како работници. Разбравме што значи да се биде слободен дури кога бевме спасени од Бацхпан Бацхао Андолан.

Почнав да работам на петгодишна возраст. Ги кршев големите камења на мали. Моите сестри и јас ги полневме камењата во камиони заедно со сите други. Никогаш немавме видено банана или друго овошје. Кога ни дадоа банана, откако бевме спасени, ја изедовме без да ја излупиме. Никогаш немавме видено хартија и не знаевме ништо надвор од каменоломот и работата таму.

По спасувањето, ни дадоа дом во Јодхпур, нашето племенско место, во населба каде престојувам сега. Отидовме во Балика Асхрам, центар на ББА во Делхи, каде што научив да читам и пишувам и каде што добив обука за тоа како да работам со компјутери. Откако престојував таму една година, се вратив кај моите родители и сега одам на училиште во моето село.

Јас, исто така, запишав 15 деца во училиште во моето село. Сега сум во 5 одделение. Сакам да одам во училиште, сакам да учам хинду и англиски и да си играм со моите пријатели. Сакам да бидам учителка кога ќе пораснам.